КОМУНАЛНО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
НИСКОГРАДБА
БИТОЛА

Ваш знак:________ Наш знак: 04-1046/2

Битола 01.09 2022 год.

Врз основа на член 37-и од Законот за јавни претпријатија,(Сл.В. бр.38/96,35/19,бр.275/19 и последна измена бр.89/22), член 20-г од Законот за вработени во јавниот сектор(Сл.В бр.27/14, 14/20, 215/21, 99/22 и последна измена бр.159/22),член 22 и 23 од Законот за работни односи (Сл. В. бр. 62/05, 110/19, 267/20 и последна измена бр.288/21) и член 22 од Статутот на КЈП Нискоградба Битола,ВД Директор на

**КЈП Нискоградба Битола објавува**

**Ј А В Е Н О Г Л А С бр.01/2022**

За вработување на даватели на јавни услуги на неопределено време за следните работни места :

1. Работно место **Одржувач на канализациона мрежа** шифра на работно место КДР 03 05 В01 013 - 3 (три) извршители

Општи услови:

-да е државјанин на Република Северна Македонија,
-активно да го користи македонскиот јазик
-да е полнолетен
-да има општа здравствена способност за работното место
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност

Посебни услови:

- да има основно образование
- да има најмалку една година работно искуство во струката

Работната недела трае 5 работни дена, од понеделник до петок, полното работно време изнесува 40 часа неделно, работното време започнува во 7,00 часот и трае до 15 часот, паричниот износ на основната

КЈП "Нискоградба"-Битола
Бул. 1 ви Мај б.б. 7000 Битола, П.фах 20
тел.++389 (0)47 233-600, 233 199, факс. ++389 (0) 47 224 -520; e-mail:niskogradba@mt.net.mk
Ж-ска: 500-165-17, Деп. Стопанска Банка А.Д.Битола; Дан.бр: MK4002989122476

плата за работното место е 21.390,00 денари, плус додаток на минат труд по 0,5% за секоја година работен стаж.

Предвидени вработувања според Годишниот план на институцијата за 2022 година се: 3 (три) извршители - Македонеци(ки).

2. Работно место **Управувач на градежна машина** шифра на работно место КДР 03 05 Б03 019 - 2 (два) извршители

Општи услови:

-да е државјанин на Република Северна Македонија,
-активно да го користи македонскиот јазик
-да е полнолетен
-да има општа здравствена способност за работното место
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност

Посебни услови:

- да има завршено најмалку 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование
- најмалку една година работно искуство во струката

Други посебни услови:

- Возачка Б-категорија
- Квалификација (уверение,сертификат) за управување со градежни машини.

Работната недела трае 5 работни дена, од понеделник до петок, полното работно време изнесува 40 часа неделно, работното време започнува во 7,00 часот и трае до 15 часот, паричниот износ на основната плата за работното место е 23.868,00 денари, плус додаток на минат труд по 0,5% за секоја година работен стаж.

Предвидени вработувања според Годишниот план на институцијата за 2022 година се: 2 (два) извршители - Македонци(ки).

Постапката за селекција за вработување на даватели на јавни услуги во ЈП се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите утврдени во јавниот оглас, проверка на приложените докази во пријавата и интервју.

Огласот трае 15(петнаесет) дена, сметано од денот на објавувањето на огласот во дневниот печат во три дневни весници од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик, различен од македонскиот.

Кандидатите треба да ги достават следните документи за исполнување на потребните услови за работното место во оригинал или копија заверена на нотар:

-Уверение за државјанство,
-Извод од матична книга на родени,

-Доказ дека со правосилна пресуда не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност,

- Лекарско уверение за општа здравствена способност,

-Диплома за завршено соодветно образование,

-Потврда за работно искуство,

-Пополнета пријава објавена на веб страната на КЈП Нискоградба Битола.

Пријавите ќе бидат достапни на веб-страната на КЈП,,Нискоградба,,Битола https//www.niskogradbabt.mk, а ќе можат да се подигнат и од архивата на КЈП Нискоградба Битола секој работен ден од 7,00-15,00 часот.

Кон пријавата кандидатите задолжително ги приложуваат потребните докази за податоците внесени во истата.

Кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

Пријавите со потребната документација кандидатите се должни да ги достават во КЈП Нискоградба - Битола, на ул. Булевар 1-ви Мај бб . 7000 Битола, лично или преку пошта.

**КЈП Нискоградба-Битола**
**ВД Директор**
**Зоран Талевски**

Комунално претпријатие „НИСКОГРАДБА" со ц.о. БИТОЛА